Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден дневните настани 30.12.2021

На 29.12.2021 во 21.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Н.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.12.2021 во 20.45 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.И.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.12.2021 во 13.30 часот на бул.„Кузман Јосифовски Питу" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Г.Б.(31) од Скопје. За него била распишана централна потерница за издржување казна затвор од една година и шест месеци за сторено кривично дело по член 236 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено–поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 29.12.2021 во 15.00 часот на бул.„Кузман Јосифовски Питу" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Г.(28) од Кратово. Тој бил баран по локален распис за спроведување истрага за сторено кривично дело по член 261 од Кривичниот законик. Тој бил приведен и предаден во Полициската станица Аеродром за понатамошна постапка.

На 28.12.2021 во 15.20 часот на ул.„Хирсто Татарчев" во Скопје, полициски службеници од БВР Кисела Вода ги лишиле од слобода Т.В.(38) и Б.Т.(23), двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека околу 15.00 часот извршиле кражба во обид во стан на ул.„Христо Татарчев", сопственост на Д.С.(74) од Скопје. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.12.2021 околу 01.45 часот во тетовско Јегуновце, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Л.И.(27) од гостиварско Чегране, затоа што при негов и преглед на возилото „рено клио", кое го управувал, била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.12.2021 околу 00.40 часот во тетовски угостителски објект, во кој била спроведена акциска контрола до содејство со Отсекот за прекуграничен криминал, миграции, странци и радимисија Тетово и Државниот трудов инспекторат, полициски службеници на СВР Тетово ја привеле И.А.(31) од Украина, поради сомнение за илегален влез во нашата земја. Таа е задржана во Полициската станица Тетово за натамошна постапка.

На 29.12.2021 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 17 прекршоци, од кои 9 надвор од населено место и 8 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 9 други видови на прекршоци, од кои 3 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило и 4 за непропишо паркирање. Истиот ден, во периодот од 18.00 до 22.00 часот, спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол, при што кај 3 возачи било утврдено присуство на алкохол. Сите биле исклучени од сообраќај, времено им се одземени возачките дозволи и издадени им се прекршочни платни налози.

На 29.12.2021, во периодот од 06.00 до 09.00 часот, на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле санкционирани 5 возачи, од кои по 2 на подрачјата на Гевгелија и Радовиш и 1 на подрачјето на Валандово, и сите ја пречекориле брзината надвор од населено место. Истиот ден, во периодот од 18.00 до 22.00 часот, биле преземени мерки за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, кај 7 возачи (4 во Струмица и 3 во Радовиш) било утврдено присуство на алкохол и на истите им биле изречени соодветни санкции.

На 29.12.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени вкупно 24 мерки, од кои 9 мерки за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 15 за пречекорување на брзината надвор од населено место. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 28 и 29.12.2021 на подрачјето на СВР Охрид биле извршени сообраќајни акциски контроли. Притоа, кај 7 возачи (Охрид-6, Струга-1) било констатирано дека управуваат моторно возило под дејство на алкохол и тие веднаш биле исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози. Полициските службеници регистрираа и 10 возачи кои надвор од населено место возеле со брзина поголема од дозволената (Охрид-6, Кичево-1, Дебар-3) и 9 возачи кои во населено место ја пречекорале дозволената брзина на движење (Охрид-2, Струга-6, Кичево-1).

На 29.12.2021 во 16.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат Тетово-Јажинце, во тетовско Добросте, патничко возило „мерцедес", со тетовски регистарски ознаки, управувано од Н.Г.(57) од Добросте, удрило во пешакот С.Ф.(57) од истото село. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница. На местото на несреќата увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 29.12.2021 во 13.30 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на регионалниот пат Дебар-Маврови Анови, на место викано „Скудински мост", патничко возило „Југо", со дебарски регистарски ознаки, управувано од М.Р.(63) од с.Житинени, излетало од коловозот и паднало во р.Радика. На местото на несреќата починале возачот и сопатничката М.Р.(60). Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Гостивар и Јавен обвинител, по чија наредба телата на починатите биле предадени на обдукција.

На 29.12.2021 во 22.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Визбегово, скопско, патничко возило „опел астра", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Р.(20) од Скопје, удрило во пешакот Г.Р.(46) од Скопје. Во несреќата, пешакот и возачот се здобиле со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.12.2021 во 17.20 часот во Полициската станица Карпош, С.Ч.(87) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Цанкар" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото денонокиве (29.12/30.12.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 27 прекршоци.

На 29.12.2021 во 21.00 часот на ул.„Московска" во Скопје, Оперативен тим Потраги во содејство со Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.И.(31) од Битола. Тој бил баран по Централна потерница од Основното јавно обвинителство Битола за издржување мерка притвор за сторено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик.
При претрес во домот во Скопје во кој живеел, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, бела прашкаста материја и поголем износ на пари во различни валути и апоени. Тој бил предаден во Полициската станица Карпош за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.12.2021 во 19.20 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на ул.„Теодосија Паунов" во Кочани, патничко возило „фолксваген поло", со винички регистарски ознаки, управувано од М.А.(52) од Виница, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката В.А.(54) од Виница, констатирани во Клиничкиот центар во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Б.Ш.(57) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бројење јавен превоз без посредување лиценца". На 22.12.2021 кај Мелнички мост, во близина на Дебар, полициските службеници опреле патничко возило „фолксваген поло", со дебарски регистарски ознаки, кое пријавениот го управувал и констатирале дека врши нелегален јавен превоз на патници без да поседува соодветна лиценца издадена од надлежен орган.

На 29.12.2021 околу 23.00 часот во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода М.Д.(28) и Д.М., двајцата од Скопје. При контрола на патничко возило „фора", со скопски регистарски ознаки, во С.Бразда, скопско, кое го управувал М.Д., а Д.М. бил сопатник, М.Д. го стартувал возилото и удрил полициски службеник, кој извршувал службени дејства. Набргу потоа, возилото било сопрено на ул.„Здравска магистрала" и при преглед кај двете лица била пронајдена прашкаста материја. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.12.2021 во 02.10 часот на Граничен премин „Хафасан", при извршени гранични проверки било констатирано дека потврдите за негативен тест што ги приложиле четири лица, државјани на Република Северна Македонија, се фалсификувани. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.12.2021 во 23.00 часот во СВР Скопје, Д.Д.(46) од Скопје пријавила дека околу 13.30 часот, додека била на своето работно место во Комплекс клиники „Мајка Тереза", била физички нападната од нејзина колешка Л.С.(51) од с.Бујковци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2021 околу 20.00 часот во Полициското одделение Ропотово било пријавено дека во С.Житоше, прилепско, А.П.(25) од с.Житоше, додека го чистел пиштолот на неговиот татко „М-57" калибар 7,62 мм, испукал еден куршум и се здобил со повреда на ногата. Тој бил пренесен во болницата во Прилеп за укажување лекарска помош. Увид извршила увидна екипа на ОВР Прилеп и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.12.2021 во 01.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во фирма во нас.Илинден, скопско. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарната заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид ќе се врши во текот на денот.

На 30.12.2021 околу 05.10 часот на Железничка станица Драчево, Д.И.(43) од Скопје се однесувал агресивно и навредувал полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.12.2021 во 17.30 часот во СВР Скопје, С.Т. пријавил дека на 14.12.2021 околу 16.30 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од Т.А., кој употребил тврд предмет. Сочинет записник за констатиран прекршок.

На 29.12.2021 во 18.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во маркет на ул.„Џон Кенеди" едно лице со закана кон вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2021 во 16.00 часот во СВР Скопје, З.Д.(47) од Скопје пријавил дека околу 11.00 часот на подрачјето на Гази Баба, по претходно случена сообраќајна незгода, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2021 во 16.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во стан на ул.„Антон Кецкаров" била пронајдена почината А.А.(40) од Скопје. Смрт без траги на насилство констатирала екипа од Итна медицинска помош, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатата било дадено на обдукција.

На 29.12.2021 во 22.14 часот во СВР Скопје било пријавено дека во обложвалница на ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" едно лице со закана кон вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2021 во 19.30 часот во СВР Скопје, 44-годишна жена од скопско село пријавила дека околу 18.00 часот во обложвалница во селото била физички нападната од нејзиниот сопруг Б.Д.(54). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2021 во 22.46 часот во СВР Скопје било пријавено дека во обложвалница на ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" едно лице со закана кон вработениот одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против А.О.(26), И.Д.(35), Б.О.(43) и Б.О.(39), сите од с.Подгорци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 26.12.2021 во с.Лабуништа, пријавените физички го нападнале С.О.(40) и неговиот малолетен син.

На 29.12.2021 во СВР Скопје било пријавено дека околу 20.08 часот во спортска обложвалница на подрачје на Центар едно лице со закана кон вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.12.2021 во 19.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на 28.12.2021 околу 16.40 часот на подрачјето на Карпош, во близина на основно училиште, едно лице од својот мобилен телефон прикажало порнографски фотографии на малолетничка и ја допирало по телото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)2)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет